Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република македонија" бр. 5/2002), а во врска со Глава II Проектни Активности, точка 1 "Културно лето Карпош 2017" од програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2017 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 14/2016), Општина Карпош, објавува

**КОНКУРС**
**за изработка и реализација на Програма за манифестацијата**
**"Културно лето Карпош 2017"**

## 1. Предмет на Конкурсот

- Предмет на Конкурсот е изработка и реализација на Програма за манифестацијата "Културно лето Карпош 2017", за што согласно Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2017 година се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2017 година.
- Манифестацијата ќе се реализира во периодот од 15.08.2017 до 31.08.2017 година на локации на подрачјето на Општина Карпош.

## 2. Право на учество

- на Конкурсот може да учествуваат сите заинтересирани здруженија на граѓани од областа на културата, со искуство во реализација на културни проекти. За учество на конкурсот, заинтересираните здруженија на граѓани треба да достават:
- програма со проекти од областа на културата: филм, театар, музика, танц, литература и на ликовната уметност и проекти наменети за сите старосни генерации на граѓани од Општина Карпош и Град Скопје;
- назив на здружението;
- жиро-сметка;
- седиште;
- кратка биографија на предлагачот, и
- референци на реализирани проекти.

Општина Карпош го задржува правото да бара дополнително појаснување на доставените предлог-програми или делови од нив.

## 3. Начин и рок на поднесување на пријавите

Пријавите се доставуваат во рок од 7 (седум) дена од денот на објавувањето на Конкурсот.

Пријавите може да се достават до Општина Карпош, по пошта (ул. Радика бр. 9, барака 2, 1000 Скопје, со назнака "За конкурс – не отворај") или лично во Архивата на Општина Карпош, секој работен ден од 7.30 до 15.30 часот.

**ОПШТИНА КАРПОШ**